# Правила и услови за учество во наградниот натпревар „Дали ја видовте?“

## 1. Организатор на наградниот натпревар

Организатори на наградниот натпревар **„Дали ја видовте?“** (во продолжение: награден натпревар) се Палома д.д., Сладки Врх 1, 2214 Сладки Врх (во продолжение: организатор) и GRAND – EKSPORT , Ул. Борис Трајковски , Бр. 194А,1000 Скопје, Македонија (во продолжение: организатор).

## 2. Цел на наградниот натпревар

Цел на наградниот натпревар е промоција на тоалетната хартија на Палома од линијата Exclusive.

## 3. Времетраење на наградниот натпревар

Наградниот натпревар трае од 1.2.2020 година од 00:00 часот до 15.3.2020 година до 23:59 часот.По неговото завршување жирито ќе ги прегледа сите објавени приказни и ќе ги избере добитниците, а тие ќе бидат известени за добиената награда преку социјалните мрежи на каналот Фејсбук или Инстаграм и тоа најдоцна во рок од еден месец од денот на завршувањето на наградниот натпревар.

## 4. Учество во наградниот натпревар

Услов да се учествува во наградниот натпревар е учесниците да ги прифатат овие правила и услови за учество. Се смета дека со самото учество во наградниот натпревар учесникот ги прифаќа сите тука наведени правила и услови за учество.

Во наградниот натпревар може да учествуваат сите физички лица. Учесникот може, во секое време до завршувањето на наградниот натпревар, да го откаже своето учество во наградниот натпревар така што ќе прати барање за откажување на е-адреса **nagradninatecaj@futura.si.** Во тој случај учесникот се исклучува од натамошното учество во наградниот натпревар, а организаторот е должен да ги избрише сите негови лични податоци и тоа во рок од 48 часа по објавата.

Во наградниот натпревар не смее да учествуваат лица што се вработени кај организаторот на наградниот натпревар, односно во друштвата што се поврзани со него, со членовите на нивните потесни семејства (брачен партнер; вонбрачен партнер, односно партнер од регистрирана истополова партнерска заедница; децата, односно посвоениците и родителите, односно посвоителите), како и вработените во рекламната агенција Футура ДДБ и членовите на нивните потесни семејства.

Организаторот ќе ги исклучи наведените лица од наградниот натпревар.

## 5. Тек на наградниот натпревар

Наградниот натпревар се одвива на каналите Инстаграм или Фејсбук, каде што корисникот има пристап и преку веб-страницата **www.paloma-nagradninatecaj.com**.

Во наградниот натпревар учесникот учествува така што ќе објави приказна на еден од двата канала.

1. На каналот **Инстаграм** корисникот мора да го употреби филтерот на Палома и да креира интересна фотографија или видео, да го означи профилот @palomamoments, на фотографијата/видеото да додаде # во зависност од земјата од која учествува во наградниот натпревар (#palomaMK) и да ја објави приказната на својот профил.

2. На каналот на Фејсбук учесникот учествува така што ќе го употреби Фејсбук-филтерот на Палома, ќе направи приказна во која ќе напише каде ја видел Снежана. Приказната ќе ја објави и ќе ја зачува или ќе направи снимка од екранот (скриншот), а потоа фотографијата од приказната ќе ја залепи во коментар на Фејсбук-објавата што е „закачена“ на врвот на Фејсбук-страницата на Палома.

Во приказната учесникот може да ги употреби која било локација, простор, предмет и слично, но потоа мора на фотографијата или на видеото да стави една од претходно наместените етикети („sticker“) од мачката Снежана и да ги почитува упатствата од двете погоре опишани точки. Колку што е пооригинална приказната, толку учесникот има повеќе можности да добие награда.

Доколку учесникот не ги почитува сите барања на определениот канал, тогаш тој ќе биде исклучен од натпреварот.

**6. Избор на добитници**

На крајот на наградниот натпревар организаторот ќе ги прегледа сите објавени приказни и најпрво ќе ги исклучи сите што не се во согласност со пропишаните услови, а потоа ќе ги избере добитниците за секоја одделна земја, во согласност со следново правило.

Критериум за избор на добитниците е оригинална и интересна употреба на филтерот на Палома на Фејсбук и на Инстаграм.

Во наградниот натпревар учествуваат сите учесници што ги исполнуваат условите за учество, утврдени со член 5, а во наградниот натпревар се вклучиле во време на траењето на наградниот натпревар, а тоа е од 1.2.2020 година од 00:00 часот до 15.3.2020 година до 23:59 часот.

Избраната комисија, најдоцна **до 20.3.2020 година,** на адреса Футура ДДБ, Пољански насип 6, 1000 Љубљана, од учесниците ќе ги избере добитниците во наградниот натпревар. Против одлуката за избор на добитниците донесена од комисијата не е дозволен приговор или жалба и одлуката на комисијата е конечна.

Ако меѓу добитниците има учесник што врз основа на овие правила не ги исполнува условите за учество во наградниот натпревар, жирито ќе избере нов добитник.

Добитниците ќе бидат известени за приемот на наградата со посебно известување на каналот Инстаграм или Фејсбук, преку кој учествувале во наградниот натпревар и тоа во рок од еден месец по завршувањето на наградниот натпревар. Се смета дека со самото учество во наградниот натпревар сите учесници во наградниот натпревар, изречно и неотповикливо, се согласуваат нивните податоци да се објават на веб-страницата ако организаторот одлучи да ги објави добитниците на веб-страницата. Врз основа на овие правила не е дозволена жалба против одлуката за објавување на наведените податоци на добитникот.

По завршувањето на наградниот натпревар комисијата ќе состави записник што ќе ги содржи податоците на добитниците. Записникот ќе се чува во просториите на адреса на организаторот до 31.5.2020 година.

**7. Награди**

Фондот на награди се разликува во зависност од пазарот од кој учесникот учествува во наградниот натпревар.

1. награда = Фотоапарат Nikon
2. награда = 10x безжични звучници
3. награда = 50x слушалки

Не е дозволено наградата да се замени за пари или за некоја друга награда. Наградата не е пренослива на трето лице.

Организаторот на наградниот натпревар го задржува правото да не ги додели наградите ако утврди дека учесникот учествувал во играта во спротивност со правилата и условите на наградниот натпревар.

**8. Стручна комисија**

Претставникот на Палома Словенија, претставникот на Футура ДДБ и независниот соработник се членови на жирито што ги избира добитниците за сите пазари.

**9. Известување на добитниците и преземање на наградите**

Организаторот на наградниот натпревар ќе ги извести добитниците за приемот на наградата со посебно известување на каналот преку кој учествувале во наградниот натпревар.

Во известувањето за наградата организаторот ќе им го соопшти рокот до кога мора да го потврдат приемот на наградата. Ако тие не го сторат тоа во дадениот рок, го губат правото на наградата.

Наградите ќе им бидат доставени на победниците во согласност со договорот меѓу организаторот и примателите на наградата. Во случај кога наградата му се предава лично на примателот, за да ја преземе наградата победникот ќе мора да даде личен документ, со кој ќе го потврди својот идентитет.

Во случај кога наградата му се праќа на победникот со препорачана пратка, потврдата за праќање се смета како доказ за прием на наградата.

Наградата не може да се замени за пари или за некоја друга награда. Наградата не е пренослива на трето лице.

Организаторот не презема никаква одговорност за евентуалните трошоци што ќе настанат во врска со подигнувањето на наградата. Добитниците изречно дозволуваат нивното име и презиме да се објави на веб-страницата **www.paloma-nagradninatecaj.com.**

Учесникот ќе ја добие наградата под услов ако се согласува со овие правила и ако ги исполнува условите за учество во наградниот натпревар. Организаторот и техничкиот изведувач го задржуваат правото да не ги доделат наградите ако:

- добитникот не ги исполнува условите за преземање на наградата;
- се утврди дека учесникот учествувал во наградниот натпревар во спротивност со правилата и условите на наградниот натпревар;
- добитникот дал погрешни податоци;
- добитникот не ја подигнал наградата до истекот на рокот за подигнување на наградата што го одредил организаторот.

Ако добитникот не ги исполнува условите утврдени со овие правила за преземање на наградата, односно ако одбие да ја прими наградата или ако наградата не ја преземе во рокот што му го одредил организаторот, се смета дека тој не сака да ја прими наградата, па затоа организаторот на наградниот натпревар се ослободува од обврските кон добитникот што настануваат како резултат на изборот на добитникот.

**10. Оданочување на наградите**

На добитниците на награда, според Законот за данок на личен доход, бруто-вредноста на добивката им е вклучена во даночната основа.

Во согласност со Законот за даночна постапка примачот на награда е должен да го достави и својот даночен број пред врачувањето на наградата. Ако не го достави податокот за даночниот број, наградата не се доделува.

Организаторот ќе ја плати аконтацијата на данокот.

**11. Одговорност**

Учесниците учествуваат во наградниот натпревар на сопствена одговорност. Организаторите и лицата што соработуваат при спроведувањето на наградниот натпревар не одговараат за евентуалната штета што би можела да настане во врска со наградите. Организаторот не презема никаква одговорност за какви било несакани последици што може да ги претрпи учесникот и/или кое било друго лице, а кои настанале како последица од учеството во наградниот натпревар.

Организаторот, исто така, не е одговорен доколку не е достапен серверот, освен ако причина за тоа е грубо невнимание или намерно постапување што мора да бидат застапени кај организаторот. Покрај тоа, организаторот не е одговорен за какви било технички грешки и прекини врз кои тој нема влијание (како што се прекини на мрежата или на струјата). Организаторите можат да го прекинат наградниот натпревар во случај ако има околности врз кои тие не можат да влијаат (виша сила). За тоа организаторите мора да ги информираат учесниците и тоа преку социјалните мрежи Фејсбук или Инстаграм, а по потреба и на друг начин. Во тој случај тие не се одговорни за штетата што им настанала на учесниците. Одлуката на организаторот за сите прашања во врска со наградниот натпревар е конечна и таа важи за сите учесници.

Во исклучителен случај на предвремено прекинување на наградниот натпревар поради причини што се настанати без негова вина, организаторот го задржува правото наградите да ги подели меѓу учесниците што учествувале во наградниот натпревар сè до моментот на неговото прекинување или, пак, да не го заврши наградниот натпревар без никакви обврски кон учесниците.

**12. Исклучување од наградниот натпревар**

Во случај на повреди на наведените правила на наградниот натпревар организаторот го задржува правото да ги исклучи прекршителите од наградниот натпревар без претходно да ги извести за тоа. Исто така, од наградниот натпревар може да бидат исклучени и лицата што учествуваат во името на други лица (со или без нивно знаење), а како повреда се смета и учеството преку друштвата за наградни натпревари, преку автоматските услуги, а особено преку професионалните служби за наградни натпревари. Во случај ако добитникот се исклучи од учеството во наградниот натпревар, наградите може да му се одземат, односно да се побара добитникот да ги врати наградите што веќе ги примил.

Во случај ако добитникот што бил исклучен подоцна веќе не располага со добиената награда, организаторот го задржува правото од него да побара паричен износ во висина на вредноста на добиената награда.

**13. Заштита на личните податоци**

Учесникот во наградниот натпревар му дозволува на организаторот, како управител со збирката на лични податоци, да ги собира и да ги обработува неговите лични податоци за следниве цели:

- спроведување на наградниот натпревар во согласност со овие општи услови;
- известување на добитниците во согласност со овие услови;
- објава на добитниците во согласност со овие услови;
- доделување на наградите.

Добиените податоци ги чува управителот во согласност со Законот за заштита на личните податоци и во согласност со своите внатрешни акти донесени врз основа на законот.

Во ниеден случај управителот нема да им ги достави ниту да им ги открие на трети лица добиените податоци.

Учесникот има право да врши увид, да ги препишува, копира, дополнува, поправа, блокира и да ги брише сопствените лични податоци. Во случај ако учесникот кога било посака да се избрише од базата на организаторот за електронските пошти на примателите на соопштенија, тогаш тој мора таквото барање да го соопшти по електронски пат на следнава адреса **nagradninatecaj@futura.si.**

Организаторот ќе ја чува документацијата во врска со спроведувањето на наградниот натпревар и добиените лични податоци најдоцна до 31.5.2020 година, а потоа ќе ги избрише во согласност со своите правила.

**14. Запознавање со правилата**

Со учеството во наградниот натпревар учесниците потврдуваат дека се запознаени со правилата на наградниот натпревар, дека ги прифаќаат и дека се согласуваат со нив.

Во случај на каков било спор или недоразбирање овие правила се сметаат за примарни во однос на другите евентуални објави, без оглед на тоа дали тие се во печатена, електронска или во некоја друга верзија. Автентичното толкување на овие правила го врши исклучително организаторот на наградната игра.

**14. Решавање спорови**

За споровите што ќе настанат во врска со овој награден натпревар, а кои не може спогодбено да се решат, надлежен е судот во Љубљана.

**15. Објава и измена на правилата**

Овие правила и општи услови се објавени на веб-страницата **www.paloma-nagradninatecaj.com**, а организаторот го задржува правото да ги измени во секое време.

Правилата и условите на наградниот натпревар стапуваат во сила на 1.2.2020 година.

Љубљана, 30. 12. 2019 година